Бр./Nr 12-1835/5
05-11-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1835/1 од 01.07.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето --- од с. ---, вработен во Подружница "---" – --- при АД Водостопанство на РСМ - Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1835/1 од 01.07.2025 и Предметот со бр. 12-1830/1 од 30.06.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.08.2025 година, поднесена е пријава против лицето --- од с. ---, вработен во Подружница "---" – --- при АД Водостопанство на РСМ – Скопје (понатаму: Акционерско друштво) и оформен е предмет бр. 12-1835/1 од 01.07.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека пријавеното лице дозволувал на граѓани да вршат наводнување на земјоделски површини без официјални

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

договори и без да бидат пријавени во системот на АД "Водостопанство на РСМ". Дополнително, подносителот на пријавата навел дека горенаведеното лице самоволно вработил лице по име --- од с. ---, кого лично го плаќал за извршување на работните задачи. Иако група на граѓани веќе се пожалиле до Подружница "---" – ---, до денот на поднесување на пријавата не биле превземени мерки.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Акционерското друштво.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Акционерското друштво со допис – Достава на податоци и информации бр. --- од 13.08.2025 година, образложи дека по извршената контрола било утврдено дека во подружницата сезоната за наводнување започнувала после 25 јуни согласно расположивите количини на вода со кои располага Акционерското друштво, како и потребата за наводнување на земјоделските површини. Имајќи во предвид дека системите за наводнување се стари и руинирани и протокот на вода е отежнат, исто така во моментот дел од истиот систем е оштетен поради изградба на автопатот Коридор 8 од страна на фирмата Бехтел и Енка, како и проблемот со недостаток на вода поради сушен период, недостаток на вработени на работно место – Водар, како и мерките за претпазливост поради високите температури за хронично болните и возрасните лица, било задоцнето со склучувањето на договори и испораката на вода за наводнување. Имено, во моментот во тек е евидентирање на земјоделските површини по катастарски парцели и склучување на Договори за наводнување на земјоделските површини, а во еден дел е започнато и наводнување на земјоделските површини. Бидејќи во тек е склучување на договори и испорака на вода за наводнување на земјоделските површини со сигурност не можат да се утврдат наводите за наводите содржани во предметната пријава, но постојано ќе се следи и контролира работата на пријавеното лице, како и на останатите вработени на работно место – Водар, при што доколку се утврдат одредени прекршувања на работниот ред и дисциплина против истиот ќе биде поведена соодветна дисциплинска постапка.

Акционерското друштво образложи дека во однос на наводите дека пријавеното лице самоволно вработил лице по име --- од с. --- кого лично го плаќал за извршување на работните задачи, Акционерското друштво ја известува ДКСК дека лицето --- е нивен поранешен вработен на работно место – Водар, од кадешто има остварено и старосна пензија со долгогодишно работно искуство во областа на водостопанството и добар познавач на системите за наводнување на подрачјето на подружницата. Од изјавата на лицето ---, како и од изјавите на останатите вработени во подржуницата, истото лице скоро од сите вработени често е контактирано за давање на совет и информации во врска со одредени проблеми околу системите за наводнување и испораката на вода за наводнување, како и дека истиот не бил ангажиран од пријавеното лице, ниту пак примал финансиски средства. Доколку и за овие наводи дополнително се утврдат факти и докази, против пријавеното лице ќе се поведе соодветна постапка.

Видно од одговорот доставен на увид од страна на Акционерското друштво, произлегува дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека сеуште е во тек процесот на склучување на договори за наводнување на земјоделски површини и од тие причини не можат со сигурност да се утврдат наводите во пријавата, но дека во натамошниот период ќе се следи работата на пријавеното лице и доколку се утврдат прекршувања на работниот ред и дисциплина дополнително ќе се преземат дисциплински мерки во смисла на член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024). Дополнително, неоснован е и наводот дека пријавеното лице самоволно вработило лице по име --- од с. --- кого лично го плаќал за извршување на работните задачи, од причина што лицето --- е нивен поранешен пензиониран вработен на работно место – Водар, со долгогодишно работно искуство во областа на водостопанството и кое често е контактирано за давање на совет и информации во врска со одредени проблеми околу системите за наводнување и испораката на вода за наводнување од страна на вработените во подружницата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Одобрил: м-р К.З Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk